-Предлог-

Врз основа на член 52 од Статутот на Капитал Банка АД Скопје ( нов назив М Банка АД Скопје), Собранието на Акционери на Банката на седница одржана на ден 29.05.2026 година, во Скопје, донесе :

**Одлука за измена и дополнување на**
**Статутот на Капитал Банка АД Скопје (нов назив М Банка АД Скопје)**

## Член 1

Со оваа Одлука се прават следните измени и дополнувања во Статутот на Капитал Банка АД Скопје ( нов назив М Банка АД Скопје) (пречистен текст) бр. 0201-2/2 од 26.01.2026 година и тоа:

**Се менува членот 14 и истиот ќе гласи :**

Член 14

Почетниот капитал на Банката изнесува 12.696.135,53 ЕУР и истиот е поделен на 71.443 обични акции со номинална вредност од 177,71 ЕУР по акција, која состојба е евидентирана во Акционерската книга која ја води Централниот депозитар и која е уплатена во целост.

**Се менува член 47 и истиот ќе гласи :**

Член 47

Органи на Банката се: Собрание, Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија и Управен одбор.

Организациони единици што може да ги формира Банката определени по хиерархиски статус се следните: Сектори, Служби, Одделенија и Оддели.

**Се менува член 87 и истиот ќе гласи :**

Член 87

Одборот за управување со ризици се состои од 3 члена кои ги именува и разрешува Надзорниот одбор на Банката, како што следи:

1. Член – Третиот член на Управниот одбор
2. Член- Раководител на Сектор за контрола за усогласеност и СППФТ
3. Член – Раководител на Сектор за управување со ризици

Мандатот на членовите на Одборот за управување со ризици трае 2 години.

Членовите на Одборот за управување со ризици се избираат од редот на лицата со посебни права и одговорности кои се вработени во Банката.

Еден од членовите на Управниот одбор задолжително е член на Одборот за управување со ризици.
Членот на Управниот одбор којшто е одговорен за следење на управување на ризиците и којшто е член на Одборот за управување на ризиците не смее да биде надлежен за активности коишто претставуваат преземање на ризици.

Членовите на Одборот за управување со ризици од своите редови избираат Претседател кој е одговорен за организација на работата на Одборот за управување со ризици, како и заменик Претседател. Членовите на Одборот за управување со ризици избираат и Записничар кој не е член на Одборот за управување со ризици.

Членовите на Одборот за управување со ризици, покрај условите за именување на лица со посебни права и одговорности од член 118 став 6 и 7 од овој Статут, Законот за банките и позитивните одлуки на НБРСМ, задолжително треба да имаат искуство во областа на финансиите или банкарството од најмалку три години, да имаат познавање за работењето на банката, нејзините производи и услуги и да имаат познавање за ризиците на кои е изложена банката.

**<u>Се менува член 100 и истиот ќе гласи :</u>**

Член 100

Управниот одбор на Банката се состои од 3 члена именувани од страна на Надзорниот одбор.

Со одлука за именување на Управниот одбор на Банката се определува Претседател на Управен одбор и Членови на Управен одбор.

Претседателот на Управниот одбор и членовите на Управен одбор самостојно ја претставуваат и застапуваат Банката во согласност со законот и овој Статут.

Со Деловникот за работа на Управниот одбор на М Банка АД Скопје, донесен од страна на Надзорниот одбор на Банката се врши поделба на надлежностите меѓу членовите на Управниот одбор на Банката по одделни сегменти на работењето на Банката и тоа:

Претседателот на Управниот одбор е надлежен за деловните активности и организиционите единици поврзани со:

- позадинска обработка на податоци
- сметководство и известување
- информатичка технологија
- човечки ресурси

Втор Член на Управниот одбор е надлежен за деловните активности и организиционите единици поврзани со:

- бизнис активности
- платежни услуги

- управување со средства и ликвидност и тргување
- дигитални канали

Трет Член на Управниот одбор надлежен за деловните активности и организиционите единици поврзани со:

- управување со ризици;
- контрола на усогласеност и спречување на перење пари;
- правни работи;
- администрација.

**Се брише членот 109-б,**

**Се брише членот 109-в,**

**Се брише членот 109-г,**

**Се брише членот 109-д,**

**Се брише членот 109-ѓ,**

**Се брише членот 109-е,**

**Се брише членот 116-в,**

**Се менува член 116-г и истиот ќе гласи :**

Член 116 – г

Надзорниот одбор и Управниот одбор на Банката за одделни прашања од својот делокруг на работење може да формира: комисии, работни групи и други тела составени од своите членови и/или вработените на Банката.

**Се менува член 118 и истиот ќе гласи :**

Член 118

Лице со посебни права и одговорности е физичко лице кое е член на Надзорниот одбор, член на Управниот одбор, член на Одборот за ревизија, член на Одборот за управување со ризици, Раководителот во Службата за внатрешна ревизија и Раководителите на Секторите во Банката

Лицата со посебни права и одговорности, правата од работниот однос ги остваруваат според менаџерски договор за уредување на односите, склучен помеѓу Управниот одбор и лицето со посебни права и одговорности.

Управниот одбор со Одлука ги именува и разрешува како лица со посебни права и одговорности и Раководителите на Секторите во Банката, со мандат на неопределено време.

Управниот одбор ги утврдува правата и одговорностите на лицата со посебни права и одговорности кои ги именувал.

Лицата со посебни права и одговорности ги извршуваат работите за кои се овластени со општите акти и работите кои Управниот одбор ќе им ги пренесе на извршување (на лицата кои тој ги именува) додека Раководителите на Секторите ја организираат, координираат и раководат работата од нивна надлежност.

Лицата со посебни права и одговорности во Банката се со високо образование и познавање на прописите од банкарството и/или финансиите, ги познаваат правилата за добро корпоративно управување и имаат соодветно искуство со што се обезбедува сигурно и солидно управување на банката. Лицата со посебни права и одговорности во Банката треба да ги исполнуваат условите наведени во Законот за Банките.

Лице со посебни права и одговорности не може да биде лице кое е:

1. член на Советот на НБРСМ,
2. вработено во НБРСМ,
3. на кое му е изречена прекршочна санкција, или казна забрана за вршење професија, дејност или должност;,
4. кое не поседува репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на Банката,
5. кое не ги почитува одредбите од Законот за банки и прописите донесени врз основа на Законот за банки и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од Извршниот Одбор на НБРСМ, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на Банката,
6. член на Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија и Управен одбор на друга Банка или вработен во друга Банка, или
7. кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во банка или друго правно лице во кое била воведена администрација или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливата документација и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на администрација, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на администратрација, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка.

За лице кое не поседува репутација ќе се смета и лице кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата.
За член на Управен одбор на Банка ќе се смета дека не поседува репутација и кога има соработник којшто е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата.

Член на Управен одбор на Банката може во исто време да биде и член на најмногу два органи на надзор односно неизвршен член на одбор на директори во најмногу две небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции.
Член на Надзорен одбор на Банката може во исто време да биде и:
- член на еден орган на управување и на еден орган на надзор, односно да извршува една функција на извршен и една функција на неизвршен член на одбор на директори во небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции или
- член на три органи на надзор, односно да извршува три функции на неизвршен член на одбор на директори на небанкарски финансиски институции или нефинансиски иситуции.

Член на Управен одбор на Банката не може да биде лице кое е управител, член на управен одбор или извршен член на одбор на директори во кое било домашно или странско трговско друштво.

Ограничувањата од став 7 точка 7 и ставовите 8, 9 и 10 на овој член, не се однесуваат на членство во:
1) органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок и
2) во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Северна Македонија или во странство.
Лицата со посебни права и одговорности покрај основните услови согласно член 83 од Законот за банките мора да ги исполнуваат и дополнителните критериуми согласно Законот за банките соодветно.

Банката задолжително обезбедува достапност на мнозинството од членовите на Надзорниот и Управниот одбор на барање на НБРСМ.

**<u>Се менува членот 155, и истиот ќе гласи :</u>**

Член 155

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на Капитал Банка АД Скопје (нов назив М Банка АД Скопје) бр. 0201-2/2 од 26.01.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Капитал Банка АД Скопје (нов назив М Банка АД Скопје) стапува во сила по издавањето на согласност од Извршниот одбор на НБРСМ и усвојување од Собранието на акционери.

**Член 3**

Се овластува Надзорниот Одбор на банката да врши измени и дополнувања на оваа Одлука, на барање на НБРСМ.
Се овластува Надзорниот одбор на банката да изготви пречистен текс на Статутот.

**Член 4**

Се задолжува Управниот Одбор, оваа одлука за измена и дополнување на Статутот заедно со текстот на Статутот да ги достави до НБРСМ за добивање на претходна согласност за измена и дополнување на Статут.

**Член 5**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката заведена под број 0203-8/5 од 21.04.2026

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Во насока на реализација на развојната и деловната стратегија на Банката, се врши зголемување на акционерскиот капитал со VIII емисија на хартии од вредност, како и измена во надлежностите на членовите на Управниот одбор и измени во внатрешно организациската поставеност на Банката. Имајќи го предвид наведеното, Собранието на Банката ја донесе Одлуката за промена на статутот на Капитал Банка АД Скопје (нов назив М Банка АД Скопје)

Собрание на акционери

_____________________________

Претседавач